# ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СПОРТОТ

**Сл. Весник на Р. Македонија, бр.138 од 17.09.2014 година**

### Член 1

Во Законот за спортот („Службен весник на Република Македонија" број 29/2002, 66/2004, 81/2008, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13 и 42/14), во членот 23 по ставот 3 се додава нов став 4 кој гласи:

„Средствата потребни за остварување на работите од јавниот интерес за реализирање на програмите на спортските федерации на Републиката во рамките на Програмата од ставот 1 на овој член покрај од Буџетот на Република Македонија, се обезбедуваат и од донации на правни лица кои вршат дејност од областа на спортот за која е основана спортската федерација".;

### Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2015 година.